**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-19/4
29.10 2021 год.
СКОПЈЕ

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# Б И Л Т Е Н

**БРОЈ 239**

**Скопје, 29.10.2021**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научни звања од научните области менаџмент во образованието и педагогија, на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (АУЕ - ФОН) во Скопје .................................................................. 3965

2. Реферат за избор на лектор по англиски јазик на Факултетот за странски јазици при АУЕ - ФОН .................................................................................................... 3974

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ПЕДАГОГИЈА НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА (АУЕ-ФОН) ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на обајвениот конкурсот на Американскиот универзитет на Европа (АУЕ-ФОН) во Скопје, за избор на наставник во сите насловни наставно-научни звања, од научните области Менаџмент во образование-50618 и Педагогија - 50500, на ден 10.09.2021 година, како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици со акт бр. 16-1286/4, донесена на 23.09.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Баракоска, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј-Скопје" Филозофски факултет, Институт за педагогија, д-р Вера Стојановска, редовен професор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј-Скопје"" Филозофски факултет, Институт за педагогија" и д-р Борче Костов редовен професор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј"-Скопје Филозофски факултет, Институт за педагогија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во наставно-научни звања во научната област менаџмент во образованието и педагогија, во предвидениот рок се пријави д-р Маја Тимовска.

1. **Биографски податоци и образование**

Кандидатот д-р Маја Тимовска е родена на 13 Септември 1972 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј". Дипломирала на 08.12.2000 година, со просечен успех (8,5).

Постдипломските студии ги завршила со просечен успех 9,75 со одбрана на магистерскиот труд на тема *„Поставеноста и реализацијата на содржините за самозаштита во новата концепција на основното образование",* на 22.09.2009 година и се стекнала со научниот степен магистер на педагошки науки.

Докторската дисертација ја пријавила на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Филозофскиот факултет, Институтот за педагогија на тема: *„Планирање и реализација на мерки и активности за заштита и спасување во основното образование*" ја одбранила на 10.07.2014 година, пред Комисија во состав проф. д-р Вера Стојановска, проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Анета Баракоска, проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска и проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област „Доктор на менаџмент во образование".

Кандидатката има богато работно искуство. Од 1991 до 2001 година работела во Министерството за одбрана, а од 2001 до 2004 година во Секторот за цивилна заштита, при истото министерство. Од 2004 година е во работен однос во *Дирекција за заштита и спасување* -Сектор за планирање, организирање и спроведување на мерките за заштита и спасување и обука при Владата на Република Македонија.

Од 2009 година е *Раководител на одделението за аналитика и истражување* во Секторот за превенција, планирање и развој при Дирекцијата за заштита и спасување.

Во 2017 година станува овластен Раководител на Секторот за превенција, планирање и развој при Дирекцијата за заштита и спасување.

Во учебната 2011/2012 година, д-р Маја Тимовска е ангажирана како надворешен соработник на Воената академија. Согласно Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 03-18/252 од 14.09.2012 година, д-р Маја Тимовска избрана е во соработничко звање *помлад асистент* за наставно-научната област: општествени науки, научно поле: одбрана, научна област: цивилна заштита за предметите: *„Систем за управување со кризи и заштита и спасување"* и *„Заштита и спасување на животни, растенија и материјални добра и асанација на терен"*.

Во учебната 2012/2013 година, Маја Тимовска е ангажиран како надворешен соработник, односно афирмиран стручњак од практиката на Воената Академија Генерал Михаило Апостолски по предметот Системот за заштита и спасување на катедрата за Кризен менаџмент. Од учебната 2014/2015 година, д-р Маја Тимовска го предава и предметот *Оперативно планирање на кризниот менаџмент*.

Со Одлука на Наставно-научниот совет за вршење високообразовна дејност на Воената академија-Скопје бр.03-15/191-5 од 27.08.2015 година д-р Маја Тимовка е ангажирана за *Стручњак од практиката за* вршење на високо-образовна дејност во зимскиот семестар на прв циклус на студии по предметот *„Систем за управување со кризи и заштита и спасување"*.

Во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања првиот приватен универзитет-ФОН (во тој период, а сегашен АУЕ-ФОН), со одлука за избор на наставник акт бр. 19-1205/3 од 2016 година кандидатката д-р Маја Тимовска е избрана во наставно - научно звање *насловен доцент*.

## 2. Наставно – образовна дејност

Во изминатиот период, од изборот во наставно - научно звање *насловен доцент,* д-р Маја Тимовска успешно и посветено била вклучена во изведува на наставата по предметите: Педагогија, Оперативно планирање во системот за управување со кризи заштита и спасување, Систем за управување со кризи и заштита и сапсување, Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло и Ресурси и мерки за снабдување во кризни услови и заштита и спасување.

За реализација на наставата по сите наведени предмети, д-р Маја Тимовска креира соодветни материјали и користи современа и релевантна литература, согласно предметните програми. Нејзините предавања се карактеризираат со современ дидактички дизајн соодветен за наставата во високото образование.

Кандидатката активно учествувала во бројни презентации и предавања, предвидени со програмата за Обука при центарот за обука на Дирекцијата за заштита и спасување. Има одржано предавања на следниве теми: Мерки за заштита и спасување; Прва медицинска помош, Асанација на теренот, Евакуација и згрижување, Пожари, Неексплодирани убојни средства, Поплави и други. Исто така, активно учествувала во бројни едукативни работилници и семинари организирани од страна на Дирекцијата за заштита и Противпожарниот сојуз на Република Македонија.

Од учебната 2018/2019 година, д-р Тимовска е ангажирана и на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски-Битола" како афирмиран стручњак од практиката врз основа на објавен интерен повик за изведување на клиничка настава на овој факултет. Покрај нејзиниот ангажман како истакнат стручњак од паракса д-р Тимовска активно се вклучува и во изготвувањето на наставните програми за предметите на Воената Академија.

Во рамките на наставно-образовната дејност, *д-р Маја Тимовска активно се вклучува во реализацијата на наставата од прв циклус студии и тоа по следниве предмети :*

1. Педагогија (2+0), зим. сем. 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20и 2020/21;
2. Оперативно планирање во системот за управување со кризи заштита и спасување (2+2) лет. сем. 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20;
3. Систем за управување со кризи и заштита и сапсување (2+1) зим. сем. 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20;
4. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло(2+1) зим. сем. 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20;
5. Ресурси и мерки за снабдување во кризни услови и заштита и спасување (2+2)лет. сем. 2016/17, 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20 .

Во приодот од 2017-2018 година, д-р Маја Тимовска била ментор на 3 дипломски работи на Воената Академија Генерал Михаило Апостолски и тоа:

1. Дипломски труд, по предметот„Оперативно планирање во системот за управување со кризи заштита и спасување", *Тема: Планирање и подготвување на активности за спроведување на мерката за заштита и спасување од поплави*
2. *Дипломски труд по предметот, Ресурси и мерки за снабдување во кризни услови и заштита и спасување ТЕМА Планирање и реализација на заштитата и спасувањето од пожари - состојба и перспективи*
3. Дипломски труд, по предметот „Оперативно планирање во системот за управување со кризи заштита и спасување", *Тема:Оперативни функции на мерката за заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства.*

Во 2018 година, д-р Тимовска била ментор на Специјалистички труд „*Социјална - педагогија и технологија во основното училиште*", ФОН - Факултет за информатика, каде е истакнато унапредувањето на социјално-педагошката работа во училиштето.

Од сите предходно наведени активности на д-р Маја Тимовска во рамките на наставно-образовната дејност се забележува дека своите работни обврски ги реализира со ентузијазам и посветеност почитувајќи ги современите барања на наставната работа според ЕКТС и новите идеи што значително влијае врз осовременувањето на планирањето, организацијата и реализацијата на предавањата и вежбите по предметите за кои била ангажирана. Сите активности поврзани со наставно-образовната дејност се во согласност со Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во Скопје, потребни за избор во звањето насловен вонреден професор.

## 3. <u>Научно истражувачка дејност</u>

Во делот на научно-истражувачката дејност во изминатиов период, д-р Маја Тимовска го разви својот научен потенцијал и го продлабочи својот научно-истражувачки интерес во дисциплините за кои беше ангажирана како надворешен соработник на Воената Академија и насловен доцент на АУЕ –ФОН.

Прегледот на доставената документација за научно-истражувачката дејност на кандидатката д-р Маја Тимовска покажува висок степен на ангажираност во повеќе научно-истражувачки сфери, во изминатиот период.

Д-р Тимовска учествувала на седум научно-стручни собири со меѓународно учество и шест домашни каде што одржала забележителни предавања од областа на цивилната заштита.

Од анализата на приложените трудови утврдивме дека д-р Маја Тимовска има објавено девет научни трудови од областа заштита и спасување, како и од научната област педагогија. Трудовите на кандидатката д-р Маја Тимовска ја покажуваат нејзината посветеност и способност за продлабочен научен пристап за проучување на феномени, состојби и предизвици за проблематика од областите за кои е бирана.

Во фокусот на трудот *„GLOBAL EDUCATION AND DISASTER PREPAREDNESS"* наведени се природните непогоди од поголеми размери како и потешкотиите кои произлегуваат од нивното дејство. Истражувањето е свртено кон импактот што овие промени го имаат на Воспитно-образовната дејност. Во таквата дејност неизоставно треба да се посвети внимание на подготвеноста на училиштето - учениците, наставниот и другиот кадар да се справат со ефектите на настанатата вонредна ситуација, односно степенот на нивната истренираност за ефективна заштита и самозаштита. Во трудот користејќи ги современите сознанија, е направен обид за создавање нов комплексен приод насочен кон проширување и збогатување на знаењата на учениците за намалување на ризикот од катастрофи. *Во трудот се изложува една од најзначајните превентивни мерки - постојана едукација за подготвеност со цел намалување на ризикот од катастрофи.* Со оглед на тоа што, децата се физички и емоционално поранлива категорија од возрасните, токму поради таа нивна ранливост имаат потреба од заштита и поддршка во случај на природни непогоди од поголем размер.

Во трудот „MAINSTREAMING DISASTER RISK REDUCTION INTO EDUCATION SYSTEM"' прикажани се истражувањата кои се правени, а се однесуваат на тоа што треба да се промени во сферата на воспитанието и образованието и како да се направат тие промени за да може воспитанието да се стави во функција на новите општествени барања. Во таа смисла, особено е значајно редефинирање на одделните аспекти на воспитно-образовното делување, односно едукација и оспособување како главни носители на оваа дејност за избегнување и значително намалување на последиците од природните непогоди и од другите видови несреќи. Искуствата покажуваат дека катастрофите добиваат карактеристики на трајност и долгорочност, а од досегашните научени лекции потребно е да се најде патоказот за нивно надминување или елиминирање.

Во трудот *„THE ROLE OF KNOWLEDGE IN DISASTER RISK REDUCTION*' авторот ги прикажува улогата на знаењето со приоритети и фокусирање кон заштитата и спасувањето, нивно менаџирање и интегрирање во многу поширок контекст. За таа цел содржините од областа самозаштита и начинот на спроведување во образовните институции во нашата држава се реализираат во согласност со одредена законска регулатива. Цел на овој труд е да се согледаат ставовите и мислењата на наставниците, училишниот педагог и директорите по однос значењето на содржините за самозаштита со цел намалувањ ена ризикот од катастрофи.

- Timovska, M (2019) „GLOBAL EDUCATION AND DISASTER PREPAREDNESS" International Scientific Conference MILCON`19, November 12th, Skopje
- Timovska, M (2020) „MAINSTREAMING DISASTER RISK REDUCTION INTO EDUCATION SYSTEM"International Conference Science and Society-Contribution of Humanities and Social Sciences, 2-5 September 2020 Struga, Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Philosophy
- Timovska, M (2019) „STRENGTHENING COMMUNITIES AGAINST DISASTERS", International Conference Risks, Security and Citizenship

Proceedings, "Risk Management and Climate Change" Setúbal, Portugal, on March 28-29, 2019

- Timovska,M. Dojcinovski, M „THE ROLE OF KNOWLEDGE IN DISASTER RISK REDUCTION" International Conference, Bansko,
- Timovska, M. „EDUCATION FOR DISASTER PREPAREDNESS", Iinternational Conference title: PEDAGOGY IN A MODERN GLOBAL SOCIETY, Ohrid, 19 to 21st September
- Timovska,M. Dojcinovski, M, Solunchevski,M (2018) „SECURITY AS PART OF DISASTER MANAGEMENT PLANNING" 9 thInternational Scientific Conference - Security system reforms as a precondition for euro-Atlantic integrations, 04-06 June Ohrid
- Solunchevski,M., Timovska, M. (2019) „DEVELOPMEN OF HUMAN RESOURSE IN THE SYSTEM OF PROTECTION AND RESCUE IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA"Современа Македонска Одбрана, Меѓународно научно списание на Министерството за одбрана, бр 36, јуни 2019, ISSN 1409-8199
- Timovska, M (2019) STRENGTHENING LOCAL DISASTER RESILIENCE, Филозофски факултет -Институт за безбедност, одбрана мир и мировни студии,
- Solunchevski, M., Timovska,M. (2021) „ОПШТИНСКИТЕ ШТАБОВИ ВО ФУНКЦИЈА НА СПРАВУВАЊЕ СО ПАНДЕМИЈАТА ОД КОВИД 19 ВО РСМ, Меѓународна конференција Светот после пандемијата со Ковид 19: стари и нови одговорности на неизвесноста и предизвици., Институт за безбедност, одбрана и мир, при Универзитетот „Св. Кирил и Методи, 02-04 Септември, Охрид.

Кандидатаката д-р Маја Тимовска е еден од групата автори (коавтори) на книга „**Ресурси и мерки за заштита и спасување**" CIP- Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",бСкопје 005.96:[504.4:355.58 Солунчевски, Менде/ ISBN 978-608-4581-40-6[автор] 2.Дојчиновски Методија [автор] 3. **Тимовска, Маја**

Додека во **книгата: *„Современ Менаџмент на системот за заштита и спасување во Република Македонија"*** *учествува во* **Редакциски одбор.**

Во оваа книга фокусот е ставен на потребата од интегриран и современ пристап за искористување на научните и практичните сознанија во менаџментот и заштитата и спасувањето. Целта е ефективно и ефикасно справување со актуелните природни неопогоди и други несреќи. Во книгата се нуди еден современ спој на овие две дејности менаџмент и заштитата и спасување во една целина интегрирано.

Од сето горенаведено може да се заклучи дека д-р Маја Тимовска има видлива продуктивност на научни трудови, кај нас и во странство, меѓународни и домашни проекти, научни конференции, како и од другите наведени активности.

## 4. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во изминатиот период, д-р Маја Тимовска пројавила особено значителна активност и во стручно – апликативната дејност. Во периодот 2016 – 2021 година била предавач на 20 обуки и работилници и стручни предавања од областа на менаџмент во образованието.

Таа е член на Меѓуресорска работна група за Реформа на Системот за заштита и спасување. од Септември 2020 - Активно учествува во Проект на Светска Банка за изработката на „Националната стратегија за заштита и спасување".

д-р Тимовска е член на *Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и*

*нуклеарни оружја и материјали* при Министерството за надворешни работи и учествува во изработка на „Акциски план 2019-2021 за имплементација на Стратегијата за справување со пролиферацијата на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани"-2021 година.

Активно работи на своето стручно усовршување во странство. Имено, досега остварила неколку студиски престои во Италија, Австрија и Германија, кои со оглед на значењето вредат да се напоменат.

Во 2017 година како претстваник од државата учествува на курс за носење одлуки во услови на катастрофи во St Gilgen Австрија.

Во соработка со Министерството за одбрана во 2017 година организираат семинар „Стратешко лидерство и вештини за креирање политики".

*Кандидатката др Маја Тимовска изработува годишни стручно апликативни извештаи кои се објавуваат во списанието на Европската комисија и тоа:*

- Timovska, M., at all (2016) JRC Technical Report: Forest Fires in Europe, Middle East and North Africa 2016, Joint Research Centre, European Commission, Report EUR 28707 EN;
- Timovska, M., at all (2017) JRC Technical Report: Forest Fires in Europe, Middle East and North Africa 2017, Joint Research Centre, European Commission, Report EUR 29318 EN;
- Timovska, M., at all (2018) JRC Technical Report: Forest Fires in Europe, Middle East and North Africa 2018, Joint Research Centre, European Commission, Report EUR 29856 EN;
- Timovska, M., at all (2019) JRC Technical Report: Forest Fires in Europe, Middle East and North Africa 2019, Joint Research Centre, European Commission, Report EUR 30402 EN.

Во 2018 година Полкот за специјални операции при армијата на РСМ во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување организираат национална Вежба *„Есенска Бура"* на Армискиот полигон Криволак на 22 Ноември, каде значително се истакна потребата од координација и соработка во делот на Цивилна заштита и управување со катастрофи.

Во месец Јануари 2020 година присуствува на работилница „Workshop on disaster education and management" во Загреб во соработка со факултете за кризен менаџмент на Велика Горица каде се стекна со искуство во делот на структурата и задачите на едукацијата за справување и управување со катастрофи и планирање во вонредни состојби.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Европската Унија. Од 2011та година Република Македонија се стекнува со членство преку Дирекцијата за заштита и спасување во Унијата на механизмот за цивилна заштита притоа д-р Маја Тимовска се определува за **Национален Координатор за Обука во Брисел**, Европска Унија на Механизам за Цивилна заштита - (National Training Coordinator in EU Civil Protection Mechanism in Brussels)

Во овој контекст, посебно е забележителна нејзината активност во 2017 година во Франција во улога на Евалуатор на Меѓународна вежба " EU Richter" на теми од областа управување со катастрофи, природни непогоди и други несреќи.

На Меѓународната вежба NEIFLEX, Брисел изврши селекција на тимот Евалуатори-оценувачи, на огромна чест и задоволство Маја Тимовска од Република Македонија беше избрана меѓу останатите европски држави за евалуатори од Холандија, Малта и Шпанија. Во овој контекст, тимот изработи Програма на Европската унија за Евалуација се со цел обезбедување пристап базиран на резултати. Д-р Тимовска учествува на Меѓународна Вежба -NEIFLEX

2018 преку Механизам за цивилна заштита на Европска Унија, во Портогруаро, Регион Фриули-Италија во улога на евалуатор. Основа цел на Меѓународната вежба е да се подобри одговорот на поплавите, на меѓународно, национално и локално ниво, спроведување на користење на Модули-тимови базирани на спасувања на вода, да се консолидира и подобри методологијата на активности за подигнување на јавната свест, во земјите учеснички (каде главна референца беше кампањата за подигнување на јавната свест за "IO NON RISCHIO", развиена од страна на Одделот за цивилна заштита на Италија.

Во 2017 година учествува како **Предавач по покана на Семинар** „Унапредување на системот за кризен менаџмент и заштита и спасување" во Центарот за Обука Џозеф Крузел при Министерството за одбрана

Во 2018 година учествува како **Предавач по покана на Факултетот за безбедност** на тема „Улогата на Дирекцијата за заштита и спасување во катастрофи и системот за заштита и спасување".

Во изминатиот период д-р Тимовска има активно учествувано во изработката на третото издание на *Национална стратегија за заштита и спасување* - 2020/2021.

Таа учествувала и во изработката на *Националниот План за заштита и спасување 2019/2020 и на Националниот план за подготовка и одговор на здравствениот систем при вонредни/кризни состојби 2017/2018 и ревизија 2020/2021*

Била член во неколку Комисии при Министерството за здравство, и тоа во: Комисијата за справување со Ковид- 19, Комисија на климатски промени и здравје за изработка на *Стратегија за адаптација на здравствениот сектор кон климатските промени во Република Македонија,* Комисијата за климатски промени и здравје за изработката на *Акционен план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз населението во Република Македонија*.

Д-р Маја Тимовска, има учествувано на повеќе ***семинари, курсеви, обуки и вежби*** од областа на заштита и спасување, ***како и на научни конференции*** од кои како позначајни ги издвојуваме следните:

- 2017, Training Policy Group Meeting Brussels, Belgium;
- 2017, Евалуатор на Меѓународна вежба "EU Richter"" France;
- 2017, National Training Coordinator Meeting, Tallinn, Estonia;
- 2017, Course for negotiation and Decision making - CND St Gilgen, Austria;
- 2017, Семинар„Стратешко лидерство и вештини за креирање политики", 12 Април 2017 Скипје, Министерство за одбрана;
- 2018 9 TH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE–Security System Reforms As a precondition for Euro-Atlantic integrations, Faculty of security Skopje, University St Kliment Ohridski- Bitola 04-06 June Ohrid;
- 2018, Семинар „Безбедносните процеси, функции и предизвици и заштита на критичната инфраструктура" Министерство за одбрана, Скопје 29-30 Мај;
- 2018, Вежба Есенска Бура АП Криволак 22.11.2018, Полк за специјални операции, Армија на РМ;
- 2018, 9th World Congress of the World federation of pediatric Intensive &Critical Care Society Singapore, 9-13 June 2018;
- 2018, ESPID , 36 th Annual Meeting, Malmo, Sweden, May 28-June 2;
- 2018, Меѓународна Вежба - NEIFLEX 2018 - Европска Унија, Портогруаро, Регион Фриули-Италија, 10 -13 Јуни 2018;
- 2019 UNDSS United Nations Department of safety and Security BSAFE, 15
- 2019, Civil- Military Emergency Preparedness (CMEP) Program, Continuous Improvement Workshop, 20-23 May Skopje;

- 2019, EAPC Congress 20-22 September, Porto, Portugal;
- 2019, European Society 37 Annual meeting , Ljubljana, Slovenia 6-11 May;
- 2019, National Coordinator on IPA DRAM Project Disaster risk assessment and Mapping in the Western Balkans and Turkey;
- 2019, Центар за образование по менаџмент МОТИВА Градење на тимот;
- 2019 ,Center for research and Policy making and Institute for democracy and Meditation Advance Training: CVE Education and Municipal Practititoners Community of practice and exchange workshop 09.06.2019 Skopje;
- 2019, INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE- Faculty of philosophy-Skopje, Institute for Security, defence and peace„ Urban Security", 4-6 Sep. Ohrid
- 2019, International Scientific Conference MILCON`19, November 12th,
- 2019,INTERNATIONAL CONFERENCE RISKS, SECURITY AND CITIZENSHIP Proceedings, "Risk Management and Climate Change" Setúbal, Portugal, March;
- 2019, Донаторски Состанок на Бордот на советници од ИТФ Установата за зајакнување човекова безбедностЉубљана; 22-24 Април 2019 год
- 2019, Disaster Prevention Expert meeting on 23 September 2019, Joined by the Sendai Framework focal points, Brussels;
- 2020, UN Environment programme, OCHA, Webinar on Environment and emergencies in the face of COVID-19: Enhancing the sustainability 25 November 2020, UNEP/OCHA;
- 2020,INTERNATIONAL CONFERENCE SCINECE AND SOCIETY-CONTRIBUITON OF HUMANITIES AND SOCIAL SCIENCES, 2-5 September 2020 Struga, Ss Cyril and Methodius University, Faculty of Philosophy;
- 2020, Workshop on disaster education and management, Croatia, Zagreb, January;
- 2020 Project VECTOR(Virtual Evidence Capture Tool for Ordnance Recovery) проект во рамките на програмата на НАТО, Наука за мир и безбедност, спроведуван од CENTRIC;
- 2020, UN Environment programme, OCHA, Webinar on Environment and emergencies in the face of COVID-19: What have we learned from past emergencies and future outlook, 16 December 2020, UNEP/OCHA;
- 2020, WSPID Webinar Series COVID-19 Vaccines Coming to Light: Current development and near-future use and challenges webinar, 9 December 2020;
- 2020, Edukativni online rabotilnici od oblasta na psihologijata Megunaroden slavjanski univerzitet, 21 Noemvri 2020;
- 2020, ESCV Virtual Meeting on Covid-19, 9 September 2020;
- 2021, Меѓународна конференција „Светот после пандемијата Ковид 19: Стари и нови одговорности на неизвесноста и предизвици", Институт за безбедност, одбрана и мир, при Универзитетот „Св. Кирил и Методи, 02-04 Септември, Охрид;
- 2021, НАТО EADRCC Меѓународна вежба „Северна Македонија 2021" 17-24 Септември Охрид.

## Заклучок и предлог

Членовите на Рецензентската комисија, по разгледувањето на целокупно доставената документација од кандидатката, констатираа дека д-р Маја Тимовска ги исполнува општите и посебните услови од конкурсот. Врз основа на целосно презентираниот научен, наставен и стручен ангажман на д-р Маја Тимовска може да се согледа дека станува збор за солидно изграден универзитетски наставник и

афирмиран научен истражувач, со препознатлива физиономија и темелност во областите во кои повеќе години работи.

Нејзиниот избор во звањето насловен вонреден професор ќе придонесе за зајакнување на високообразовната дејност на Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Рецензентската комисија смета дека кандидатката д-р Маја Тимовска во потполност ги исполнува сите законски и професионални услови поврзани со наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-применувачката дејност, согласно Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно - стручни и соработнички звања на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во Скопје.

Од тие причини, како Комисија ни претаставува особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во Скопје, д-р Маја Тимовска да биде избрана во звањето **насловен вонреден професор** во научните области Менаџмент во образование (50618) и Педагогија (50500).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Анета Баракоска**

**Проф. д-р Вера Стојановска**

**Проф. д-р Борче Костов**

**РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ АУЕ - ФОН**

Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при АУЕ - ФОН, Република Северна Македонија, на својата седница одржана на23.09.2021 година избра членови на рецензентската комисија за избор-реизбор на еден лектор по англиски јазик на Факултетот за странски јазици. На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија“ на ден 10.09.2021 се пријавија следнитекандидати:

1. Габриела Неделкоска

Откако ги разгледавме пријавите и доставената документација го подготвивме следниот

ИЗВЕШТАЈ

1. **Габриела Неделкоска**дипломирала во 2000 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Катедрата по англиски јазик и книжевност - наставна насока. Завршила постдипломски студии на истата катедра и со звањето магистер по филолошки науки се стекнала во 2014 година а магистерската теза која ја одбранила со успех еод областа намеѓујазичните влијанија и импликациите за наставата. Габриела Неделкоска е докторанд при Нов Бугарски Универзитет, во Софија, Република Бугарија, отсек: методика на усвојување странски јазик.Габриела Неделкоска покажала интерес кон понатаможно усовршување и наклоност кон научно-истражувачка работа за што сведочат објавените трудови во значајни научни и научно-стручни списанија од областа на јазикот. Во нејзиното работно искуство доминира наставната дејност, иако напоредно се занимава и со превод од македонски на англиски јазик и обратно. Во периодот од 2000 до 2003 работела како професор по англиски јазик во приватно училиште по странски јазици „Ентер”, каде се стекнала со богато искуство во самостојна подготовка на часови и тестови по англиски јазик, како и во организација на големи и хетерогени групи и менторирање на индивидуални ученици. Од 2003 до 2005 работела како помлад асистент на Факултетот за општествени науки, од 2006 до 2007 како професор по англиски јазик во Петта приватна гимназија, а напоредно од 2005 до денес како лектор по англиски јазик на Универзитетот ФОН, каде била вклучена во наставата на следните предмети: Современ англиски јазик, Деловен англиски јазик, Техники на пишување, Академско пишување, Општа лингвстика, Двонасочно преведување, Британска и Американска цивилизација и Англиски

јазик на нематичните факултети. Во рамките на своето професионално усовршување посетувала повеќе конференци, стручни семинари и обуки за модернизација на наставата по предметот англиски јазик, во организација на ЕЛТАМ, Британскиот совет, Институтот за македонски јазик, меѓународни конференции на Универзитетот ФОН и на Универзитетот во Ниш, Република Србија и слично. Кандидатката Габриела Неделкоска има објавено голем број на научно-стручни публикации од областа на усвојувањето јазик, меѓујазичното влијание, културолошките аспекти на учењето и предавањето странски јазик, преводи на монографии.Трудовите говорат за континуитет, научно-истражувачка љубопитност, како и проверка и преобмислување на постојните дидактички и истражувачки методи, додека пак постојаната присутност на конференции, семинари и обуки говори за едно долготрајно и темелно вложување во лична наобразба на кандидатот.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид квалификациите и искуството на пријавениот кандидат, м-р**Габриела Неделкоска**, комисијата дојде до заклучок дека таа е и најсоодветниот кандидат за распишното звање пред сé заради долгодишното искуство во наставата, искуството од наставен ангажман на универзитетско ниво и поконкретно на Факултетот за странски јазици на АУЕ - ФОН, што е карактеристика значајна за работа на високо-образовна институција.Имајќи го предвид обемот и постојаноста на истражувачка работа на кандидатката, кој е незанемарлив, предлагаме да биде избрана во звањето **Виш лектор.**

Поради гореизнесеното, чест ни е и задоволство да му предложиме наНаставно научниот совет да ја избере **м-рГабриела Неделкоска**во звањето **Вишлектор по англиски јазик** на Факултетот за странски јазици при универзитетот АУЕ - ФОН.

**Скопје, 22.10.2021** **Рецензентска комисија:**

**1. доц. д-р Искра Стаменкоска**

**2. доц. д-р Татјана Срцева-Павловска**

**3. виш лектор м-р Елена Танева**